Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

октомври, 2019 година

# СОДРЖИНА

Резиме ....2

1. Реален сектор

Индустриско производство ....3

Број на работници во индустријата ....4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ....5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ....6

Инфлација ....7

Берзански цени ....8

2. Надворешнотрговска размена

Извоз ....9

Увоз ....10

Салдо на трговска размена ....11

Валутна структура ....12

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ....12

Приходи по буџетски корисници ....14

Буџетски расходи според економската класификација ....15

Расходи по буџетски корисници ....16

Буџетско салдо.. ....18

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРСМ ....18

Плати ....19

Пензии ....20

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари ....21

Депозитен потенцијал ....21

Кредити на банките ....23

Каматни стапки на депозитни банки ....23

Пазар на капитал ....23

Девизни резерви ....24



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

октомври, 2019 година

- Индустриското производство во октомври 2019 година забележа раст од 4,2% во споредба со истиот месец претходната година;
- Потрошувачките цени во октомври 2019 година се намалија за 0,2% во однос на октомври 2018 година, по растот од 0,3% во септември 2019 година;
- Во периодот јануари - октомври 2019 година, извозот забележа раст од 10,8%, а увозот од 9,8%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 6,4%, споредено со истиот период од 2018 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - октомври 2019 година изнесуваа 166.779 милиони денари, односно 23,9% од БДП, што претставува поголемо остварување за 8,5% во однос на 2018 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари - октомври 2019 година изнесуваа 172.138 милиони денари, односно 24,7% од БДП, што е за 7,8% повеќе во однос на 2018 година;
- Вкупните кредити на банките во октомври 2019 година се зголемија за 6,0% во споредба со октомври 2018 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 9,6%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во октомври 2019 година забележа раст од 4,2% во споредба со истиот месец претходната година. Растот во октомври 2019 година се должи исклучиво на зголеменото производство во секторот Преработувачка индустрија од 7,8% (придонес од 6,0 п.п.). Производството во останатите два сектора бележи пад. Во рударскиот сектор е забележан пад од 11,0% (придонес од -1,2 п.п.), а во енергетскиот сектор од 5,5% (придонес од -0,7 п.п.).

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Раст на производството во октомври 2019 година бележат 15 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 53,2%. Меѓу гранките со повисока додадена вредност, раст во октомври 2019 година е забележан кај производството на моторни возила од 21,5% и придонес од 2,1 п.п., на електрична опрема од 14,6% и придонес од 0,6 п.п., на фабрикувани метални производи од 8,1% и придонес од 0,3 п.п., како и на машини и уреди од 2,7% и придонес од 0,3 п.п.. Највисок придонес во растот во октомври 2019 година, сепак, има производството на прехранбени производи, каде што е забележан раст од 29,1% и придонес од 2,8 п.п.. Од гранките со позначително учество во структурата, пад на производството во октомври 2019 година е забележан кај снабдувањето со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 5,5% и придонес од -0,7 п.п., кај производството на облека од 4,7% и придонес од -0,4 п.п. и кај вадењето руди на метал од 1,0% и придонес од -0,1 п.п..

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Растот на производството според намената на произведените единици во октомври 2019 година е главно последица на растот кај гранката Капитални производи од 12,5% (придонес од 2,8 п.п.), а е поддржан и со растот во гранките



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

Нетрајни производи за широка потрошувачка од 6,2% (придонес од 2,0 п.п.) и Интермедијарни производи, освен енергија од 3,2% (придонес од 0,9 п.п.).

Кумулативните податоци за периодот јануари – октомври 2019 година покажуваат дека е забележан раст на индустриското производство од 5,4%, што во најголема мера се должи на растот во секторот Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 23,9% (придонес од 2,9 п.п.), а во помал дел во секторите Преработувачка индустрија од 3,2% (придонес од 2,5 п.п.) и Рударство и вадење камен од 1,8% (придонес од 0,2 п.п.).

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Податоците од анализата по гранки укажува дека раст е забележан кај 17 од вкупно 27 гранки, кои сочинуваат 75,0% од структурата на вкупното индустриско производство. Од гранките со позначително учество во структурата, раст е забележан кај снабдувањето со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 23,9% и придонес од 2,9 п.п., производството на моторни возила од 11,4% и придонес од 1,1 п.п., како и кај производството на машини и уреди од 11,2% и придонес од 1,1 п.п..

Кај наменските групи, растот во првите десет месеци од 2019 година е главно резултат на зголеменото производство во групите Енергија од 22,2% (придонес од 3,2 п.п.) и Капитални производи од 7,0% (придонес од 1,5 п.п.), а истиот е поддржан и со растот кај преостанатите три групи.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во октомври 2019 година е намален за 2,2%. Падот е предизвикан од намалувањето на бројот на работници во сите сектори, и тоа: Рударство и вадење камен од 3,4%, Преработувачка индустрија од 2,2% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,9%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во октомври 2019 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има единствено кај капиталните производи од 2,4%, додека пад е забележан кај нетрајните производи за широка потрошувачка од 4,4%, трајните производи за широка потрошувачка од 3,4%, енергијата од 2,2% и интермедијарните производи, освен енергија од 1,9%.

На кумулативна основа, во првите десет месеци од 2019 година е забележан пад на бројот на работници од 1,4%, кој се должи на падот во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија и Рударство и вадење камен од по 1,4% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,3%.

Согласно податоците по наменски групи, раст во периодот јануари – октомври 2019 година е забележан единствено во групата Капитални производи од 7,3%, додека пад бележат групите Нетрајни производи за широка потрошувачка од 4,6%, Трајни производи за широка потрошувачка од 4,4%, Енергија од 1,2% и Интермедијарни производи, освен енергија од 1,0%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во октомври 2019 година е поповолна споредено со претходниот месец, како и во однос на октомври 2018 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во октомври изнесува 69,7%, што претставува зголемување во однос на септември 2019 година, кога изнесувало 69,4%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е зголемена за 1,3 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во октомври имаат следните фактори: недостигот на квалификувана работна сила со 23,0%, недоволната странска побарувачка со 17,5%, недоволната домашна побарувачка со 14,7%, неизвесното економско опкружување со 12,2%, недостигот на суровини со 7,7%, финансиските проблеми со 7,3% и конкурентниот увоз со 5,9%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во октомври 2019 година во однос на претходниот месец е поповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се исто така поповолни споредено со

септември 2019 година, а залихите на готови производи на месечна основа се зголемени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во октомври 2019 година издадени се вкупно 308 одобренија за градење и споредено со октомври 2018 година бројот на издадени одобренија за градење се зголемил за 11,6%. Во однос на претходниот месец, бројот на издадени одобренија за градење се зголеми за 43,9%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во октомври 2019 година бележи годишен пад од 35,3%. Вредноста на објектите во октомври споредено со септември 2019 година пораснала за 89,1%.

**Графикон 1.5:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 151 (или 49,0%) се наменети за објекти од високоградба, 43 (или 14,0%) за објекти од нискоградба и 114 (или 37,0%) за објекти за реконструкција.

**Графикон 1.6:** Структура на издадените одобренија за градење по региони




Извор: ДЗС.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 308 издадени одобренија за градба, на 180 објекти (или 58,4%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 128 објекти (или 41,6%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во октомври 2019 година предвидена е изградба на 562 стана, со вкупна корисна површина од 50.294м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба споредено со претходниот месец е зголемен трипати, а на годишна основа бројот на предвидени станови за изградба бележи пад од 64,7%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во октомври 2019 година се намалија за 0,2% во однос на октомври 2018 година, по растот од 0,3% во септември 2019 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари – октомври 2019 година изнесува 0,9%.

**Графикон 1.7:** Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Во октомври 2019 година, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 0,9% на годишно ниво. Највисок годишен раст на цените во октомври 2019 година е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 5,1% следена со порастот на цените во категориите: Здравје од 2,6%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 1,6% и Ресторани и хотели од 0,1%.

Годишен пад на цените во октомври 2019 година е регистриран во категориите Транспорт од 7,1%, Облека и обувки од 3,1%, Комуникации од 1,8%, Образование од 0,3% и Рекреација и култура од 0,2%. Цените во категоријата Останати стоки и услуги останаа непроменети.

Потрошувачките цени во октомври 2019 година се намалија за 0,1% во однос на претходниот месец. Пад на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Транспорт од 2,0%, Рекреација и култура од 0,5% и Храна и безалкохолни пијалаци од 0,2%.

**Графикон 1.8:** Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Раст на цените на месечно ниво е регистриран во категориите Облека и обувки од 0,9%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 0,5%, Домување, вода, електрика, гас и други горива и Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од по 0,3% и Останати стоки и услуги од 0,1%. Цените во категориите Здравје, Образование, Ресторани и хотели и Комуникации останаа непроменети.

Цените на мало во октомври 2019 година во однос на истиот месец претходната година се намалија за 1,6%, а на месечна основа регистрираа пад од 0,5%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во октомври 2019 година споредено со претходниот месец опадна за 4,7% и изнесува 59,4 долари за барел. Во однос на октомври 2018 година, цената на нафтата се намали за 26,2%. Цената на природниот гас во октомври 2019 година бележи месечен раст од 1,6%.

**Графикон 1.9:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ, во октомври 2019 година се тргуваше со просечна цена од 17.046 долари за еден метрички тон ($/мт) и во однос на септември 2019 година бележи пад на цената од 3,5%. На годишна основа, цената на никелот е зголемена за 38,4%. Покрај никелот, месечен пад на цената во октомври забележаа и алуминиумот и калајот од 1,6% и 1,4%, соодветно. Цените на оловото и цинкот во октомври на месечно ниво се зголемија за 5,4% и 5,2% соодветно, а цената на бакарот остана непроменета.

**Графикон 1.10:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Цената на железната руда во октомври 2019 година во однос на претходниот месец се намали за 4,9%.

Благородните метали во октомври 2019 година споредено со септември 2019 година исто така бележат намалување на цените. Така, цената на платината опадна за 5,0%, на среброто за 2,8% и на златото за 1,0%.

Цената на пченката на светските берзи во октомври 2019 година бележи месечен раст од 6,3%, а на пченицата од 5,2%.

# 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите десет месеци од 2019 година изнесува 12.275,2 милиона евра, што претставува раст од 10,2% во однос на истиот период минатата година.

Во периодот јануари - октомври 2019 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 28), како најголем трговски партнер, е намалено за 0,6 п.п. споредено со истиот период претходната година, и изнесува 70,7%.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - октомври 2019 година изнесува 5.356,1 милион евра и бележи раст од 10,8% (522,7 милиони евра) во однос на истиот период од 2018 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 10,4%.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Вредноста на извезените стоки во октомври 2019 година изнесува 567,5 милиони евра и бележи пад од 5,8% (35,0 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се намалил за 6,1%.

Анализирано на месечно ниво, во октомври 2019 година извозот бележи раст од 0,2% (1,4 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен пад од 0,5%.

**Графикон 2.2:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - октомври 2019 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 45,5% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари - октомври 2019 година споредено со истиот период од 2018 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите ЕФТА и Северноамериканска зона на слободна трговија. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 9,1% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан раст од 16,8%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 81,0% и 11,5%, соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - октомври 2019 година изнесува 6.919,1 милион евра и бележи раст од 9,8% (616,5 милиони евра) во однос на истиот период од 2018 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 11,3%.

Вредноста на увозот во октомври 2019 година изнесува 767,5 милиони евра, што претставува пад од 2,1% (16,3 милиони евра) во однос на истиот месец од 2018 година, а увезените количини стоки се зголемени за 20,9%.

Анализирано на месечно ниво, во октомври 2019 година увозот бележи раст од 17,6% (114,6 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 4,1%.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по економска намена
*(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

**Графикон 2.4:** Структура на увозот по економска намена
*(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - X - 2018 | I - X - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 24,2 | 46,7 | 22,5 | 93,0 |
| Мил. ЕУР | 996,4 | 1.112,9 | 116,5 | 11,7 |
| Мил.$ | 1.182,0 | 1.248,1 | 66,0 | 5,6 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - X - 2018 | I - X - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 27,5 | 34,0 | 6,5 | 23,6 |
| Мил. ЕУР | 176,8 | 182,7 | 5,9 | 3,3 |
| Мил.$ | 210,3 | 204,9 | -5,4 | -2,6 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - X - 2018 | I - X - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 652,4 | 631,7 | -20,7 | -3,2 |
| Мил. ЕУР | 453,9 | 492,9 | 39,0 | 8,6 |
| Мил.$ | 537,8 | 552,3 | 14,5 | 2,7 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - X - 2018 | I - X - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 679,7 | 697,7 | 18,0 | 2,6 |
| Мил. ЕУР | 374,5 | 362,1 | -12,4 | -3,3 |
| Мил.$ | 446,5 | 406,2 | -40,3 | -9,0 |

*)Претходни податоци

| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - X - 2018 | I - X - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 58,6 | 65,2 | 6,6 | 11,2 |
| Мил. ЕУР | 695,8 | 804,9 | 109,0 | 15,7 |
| Мил.$ | 826,5 | 902,2 | 75,7 | 9,2 |

| Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - X - 2018 | I - X - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 51,6 | 58,9 | 7,4 | 14,3 |
| Мил. ЕУР | 591,6 | 628,9 | 37,4 | 6,3 |
| Мил.$ | 703,5 | 705,2 | 1,7 | 0,2 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - октомври 2019 година, трговскиот дефицит се зголеми за 6,4% односно 93,7 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во октомври 2019 година трговскиот дефицит се зголеми за 10,3% односно 18,7 милиони евра споредено со октомври 2018 година.

**Графикон 2.5:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од проширувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки, горива и мазива и стоки за широка потрошувачка. Од друга страна, кон намалување на дефицитот дејствуваше намалувањето на негативното салдо во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема и храна и пијалаци, како и зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Во периодот јануари - октомври 2019 година, 88,8% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција и Србија, а потоа



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

следуваат: Кина, Турција, Италија, САД, Јужна Африка, Полска и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија и Шпанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 85,9% од трговската размена во периодот јануари - октомври 2019 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2018 година претставува намалување за 1,7 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,4% и 80,9%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 0,8 п.п., а кај увозот за 2,4 п.п. во однос на периодот јануари - октомври 2018 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - X - 2018 | | | | | I - X - 2019 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 3.735,7 | 5.247.530.083 | 61,5146 | 322.799.714.038 | 83,3 | 3.985,5 | 5.594.788.277 | 61,5043 | 344.103.536.604 | 80,9 | 347.258.194 | 6,6 |
| УСД | 1.498,5 | 1.182.290.735 | 51,7308 | 61.160.845.544 | 15,8 | 1.841,8 | 1.410.084.395 | 54,8391 | 77.327.759.137 | 18,2 | 227.793.660 | 19,3 |
| ГБП | 4,9 | 23.517.954 | 69,5978 | 1.636.797.836 | 0,4 | 3,6 | 21.379.832 | 69,7121 | 1.490.432.988 | 0,4 | -2.138.122 | -9,1 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 5.239,0 | | | 385.597.357.418 | 99,0 | 5.831,0 | | | 422.921.728.729 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 5.253,4 | | | 387.702.967.105 | 100,0 | 5.846,2 | | | 425.554.434.941 | 100,0 | | 9,8 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - октомври 2019 година изнесуваа 166.779 милиони денари, односно 23,9% од БДП, што претставува поголемо остварување за 8,5% во однос на 2018 година.

Даночните приходи во наведениот период се реализирани во износ од 95.327 милиони денари и во однос на истиот период претходната година се зголемени за 3,7%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 43.310 милиони денари, што претставува зголемување од 6,2% во однос на минатата година, со доминантно учество во вкупните даночни приходи од 45,4%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто-износ од 64.680 милиони денари, од кои на даночните обврзници

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

им е извршен поврат во износ од 21.370 милиони денари (бруто-наплатата е повисока за 5,1%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 3,0% споредено со истиот период од 2018 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз кој забележува поголемо остварување за 5,2%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 5,4%.

Акцизите се остварени во износ од 21.804 милиони денари (учество од 22,9% во даночните приходи), што претставува зголемување од 4,8% во споредба со 2018 година. Така, од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 65.114 милиони денари, што претставува 68,3%, односно повеќе од 2/3 од вкупните даночни приходи во овој период.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 14.834 милиони денари и забележуваат раст од 14,7% на годишна основа, при што 63,6% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на личен доход и други лични примања, 7,9% од приходи од капитал, 7% од приходи по основ на договор на дело, 8,0% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 5,4% од приходи од имот и имотни права.

Приходите од данокот на добивка во овие десет месеци изнесуваа 9.897 милиони денари и забележаа помало остварување за 19,9% во однос на истиот период претходната година, но затоа пак има пораст на данокот наплатен по основ на дивиденди и други распределби за 54,4%, додека намалување се забележува кај месечни аконтации од 10,3%, по даночни биланси ( од 32,2%) и кај задржаниот данок за странски правни лица (од 59,9%).

Приходите од царина се остварени во износ од 4.948 милиони денари и забележаа зголемување од 6,6%. Приходите од други даноци со остварен износ од 534 милиони денари забележаа зголемено остварување за 20,8% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 50.312 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 9,7% споредено со истиот период од 2018 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 10,0%, кај придонесите за здравствено осигурување за 9,1% и кај придонесите за вработување за 7,9%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 15.390 милиони денари и во однос на анализираниот период од 2018 година забележаа поголемо остварување за 53,2% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 1.444 милиони денари, што е намалување од 27,4% во однос на минатата година.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 2.935 милиони денари и се зголемени за 30,6% во однос на истиот период лани.

## Приходи по буџетски корисници

Буџетските приходи, односно приливот на средства во Централниот буџет, се остваруваат главно преку Министерството за финансии – функции на државата[1] и во периодот јануари - октомври 2019 година тие изнесуваат 124.503 милиони денари, односно 92,1% од приходите на сите буџетски корисници, а претставуваат 77,9% од годишниот план на овој буџетски корисник.

**Графикон 3.2:** Структура на приходите на Министерството за финансии – функции на државата




Извор: МФ.

Во рамки на разделот Министерството за финансии – функции на државата преовладуваат даночните приходи кои претставуваат 75,6% од вкупните приходи и приливи, при што нивната наплата во анализираниот период изнесува 79,2% од годишниот план. Приливот на средства по основ на домашно задолжување за овој период изнесува 15.002 милиона денари, што претставува 12,0% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.

Министерството за образование и наука оствари приходи во износ од 2.972 милиона денари, односно 2,2% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и најголемиот дел од тој износ (73,1%) претставуваат неданочни приходи, главно по основ на такси и надоместоци.

Министерството за финансии, како буџетски корисник, оствари приходи во износ од 886 милиони денари, што претставува 0,7% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници. Приливите на средства по основ на задолжување во странство претставуваат 50,5% од вкупните приходи и изнесуваат 447 милиони денари. Приливот на средства по основ на отплата на трансфери и донации

[1] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

изнесува 269 милиони денари и претставува 30,4% од вкупните приходи на овој буџетски корисник.

Останатите буџетски корисници збирно имаат остварено 5,0% од вкупните приходи и приливи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

Во однос на буџетските фондови, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во периодот јануари - октомври 2019 година оствари приходи во износ од 62.461 милион денари, што претставува 85,1% од годишниот план на Фондот. Фондот за здравствено осигурување на Северна Македонија во овој период има остварено приходи во износ од 26.041 милион денари, односно 82,8% од годишниот план на Фондот. Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија во периодот јануари - октомври остварила приходи во висина од 2.134 милиони денари, што претставува 64,7% од годишниот план.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари - октомври 2019 година изнесуваа 172.138 милиони денари, односно 24,7% од БДП, што е за 7,8% повеќе во однос на 2018 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 162.874 милиони денари учествуваа со 23,4% и се зголемени за 7,1% во однос на 2018 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 22.921 милион денари што претставува зголемување за 4,9% во однос на претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,3%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 12.378 милиони денари и споредено со 2018 година забележаа зголемување од 11,6%.

**Графикон 3.3:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 120.554 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 7,1% споредено со јануари - октомври 2018 година и истите учествуваа со повеќе од 2/3, односно 70,0% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 89.251 милион денари, забележаа раст од 6,8% и учествуваа со 51,9% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 54.337 милиони денари, што е зголемување за 6,9% споредено со 2018 година и учествуваат со 31,6% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 17,4%, односно забележаа поголема реализација за 8,3%, а се реализирани во износ од 30.019 милиони денари. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 13.889 милиони денари забележаа зголемување од 6,0%, во споредба со претходната година. Субвенциите и трансферите изнесуваа 14.247 милиони денари што е зголемување од 11,6% споредено со минатата година.

Каматните расходи изнесуваат 7.021 милион денари, што е за 7,5% повеќе во споредба со 2018 година. Расходите за камати од домашно задолжување се намалени за 8,1%, додека каматите од странско задолжување се зголемени за 16,6%. Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 9.264 милиони денари со структурно учество од 5,4% во вкупните расходи, односно забележаа повисока реализација за 21,9% во споредба со 2018 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 79,1% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели




Извор: МФ.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари - октомври 2019 година реализираше 36.324 милиони денари или 81,6% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (70,5%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 25.618 милиони денари или 84,1% од средствата наменети за 2019 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 21,0% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 79,2% (7.642 милиона денари) од планираните за 2019 година.


MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

Во првите десет месеци од 2019 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[2] реализирани се 26.154 милиони денари, што претставува 82,4% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 54,4% отпаѓаат на отплата на главнина, за што се потрошени 14.222 милиона денари, односно 88,1% од средствата планирани за оваа намена во 2019 година. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 26,9% од вкупните расходи, за што се реализирани 7.024 милиони денари или 85,2% од планираното.

Министерството за образование и наука во периодот јануари - октомври 2019 година изврши буџетски средства во износ од 18.673 милиони денари, што е 73,9% од вкупниот буџет за 2019 година. Најголем дел од расходите (63,5%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 11.864 милиони денари или 82,1% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 15,3%, за што се потрошени 2.861 милион денари, односно 79,5% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 11,5% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 2.155 милиони денари, односно 55,1% од вкупно предвидените.

Во првите десет месеци од 2019 година, од страна на Министерството за внатрешни работи реализирани се вкупно 8.976 милиони денари, што претставува 80,2% од сопствениот буџет за 2019 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 72,3%, за што се потрошени 6.492 милиона денари или 82,7% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 18,1%, за што се реализирани 1.625 милиони денари или 79,8% од годишниот план.

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 7.057 милиони денари, што претставува 84,8% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, кои учествуваат со 92,2% во вкупните расходи, реализирани се 86,4% од планираните средства.

Министерството за одбрана во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 5.459 милиони денари, што е 65,7% од вкупниот буџет за 2019 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 58,9%, за што се реализирани 3.214 милиони денари, што претставува 81,8% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 21,5% во вкупните расходи, за

[2] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

што во анализираниот период се потрошени 1.171 милион денари, односно 63,0% од вкупно предвидените.

Министерството за здравство во периодот јануари - октомври 2019 година реализираше буџетски средства во износ од 4.689 милиони денари, што е 74,0% од вкупниот буџет за 2019 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 54,9%, за што се потрошени 2.575 милиони денари или 84,3% од средствата наменети за тековната година. Стоките и услугите се втора најзначајна ставка со учество од 37,2% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена потрошени се 1.742 милиона денари, односно 69,9% од вкупно предвидените.

Министерството за транспорт и врски во разгледуваниот период реализираше средства во износ од 3.404 милиони денари, што е 66,2% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи изнесува 62,0% од предвиденото (2.452 милиона денари), а истите учествуваат со 72,0% во вкупните расходи на овој буџетски корисник. Субвенциите и трансферите учествуваат со 23,6% во вкупниот буџет на овој корисник и за оваа намена извршени се средства во износ од 803 милиони денари, односно 86,1% од планираното.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

## Буџетско салдо

Во периодот јануари - октомври 2019 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 5.359 милиони денари, што претставува 0,8% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 7.031 милион денари и претставува 1,1% од БДП.

# *4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРСМ

Во периодот јануари – октомври 2019 година во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија регистрирани се вкупно 167.215 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени во овој период е понизок за 2,5% во однос на истиот период од 2018 година.

Од вкупниот број нововработени, 43,3% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во октомври 2019 година 16,2% се од евиденцијата на невработени.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

Вкупниот број невработени лица во октомври 2019 година изнесува 189.280, од кои 101.813 се активни баратели на работа, а 87.467 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е зголемен за 4,0%.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Најголем дел од активните невработени лица (63,3%) се градско население, а според половата структура 51,6% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 64,7% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 24,4% се со завршено средно образование, додека 10,9% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

По возрасни групи, најголемиот дел или 48,1% од невработените припаѓаат на возрасната група 25 - 49 години. Според времето на чекање на вработување, 46,2% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 6,6% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во септември 2019 година оствари годишен раст од 4,4%, а во однос на претходниот месец е повисока за 1,2%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Транспорт и складирање (8,8%), Административни и помошни услужни дејности (7,9%) и Дејности на здравствена и социјална заштита (7,3%). Реалните плати во септември забележаа годишен раст од 4,2%.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во септември 2019 година оствари годишен раст од 5,6%, а во однос на претходниот месец е повисока за 1,3%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Транспорт и складирање (10,4%), Уметност, забава и рекреација (9,1%) и Административни и помошни услужни дејности (9,0%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 5,3%.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

## Пензии

Во октомври 2019 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 319.528 пензионери, што претставува зголемување од 3,0% во однос на истиот месец минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е понизок за 686 лица. Од вкупниот број пензионери, 65,8% се корисници на старосна пензија, 23,4% се корисници на семејна пензија и 10,7% се корисници на инвалидска пензија.

Просечната пензија во октомври 2019 година изнесува 14.548 денари и е за 0,6% повисока во однос на истиот месец минатата година[3]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во септември 2019 година (последни расположливи податоци) изнесува 57,3%.

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ.

Просечната старосна пензија во октомври изнесува 15.821 денар, просечната инвалидска пензија изнесува 13.149 денари, а просечната семејна пензија 11.617 денари. За исплата на пензиите во октомври 2019 година се потрошени 4.568 милиони денари, што претставува 51,4% од вкупните социјални трансфери.

[3] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

# 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во октомври 2019 година, Народна банка на Република Северна Македонија ја задржа основната каматна стапка на 2,25%, откако во март ја намали за 0,25 п.п. како резултат на задржаниот континуитет на поволни движења на девизниот пазар, што упатува на отсуство на притисоци во надворешниот сектор и стабилни согледувања на домашните субјекти, како и отсуство на ценовни притисоци. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити (октомври 2019 година)




Извор: НБРСМ.

## Примарни пари

Во октомври 2019 година, примарните пари[4] регистрираа раст од 16,2%. Ваквиот раст на примарните пари се должи на зголемувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 20,5%, како и растот на готовите пари во оптек за 11,1%.

На месечно ниво, примарните пари се зголемија за 0,6%, како резултат на растот на вкупните ликвидни средства на банките за 2,2%, додека готовите пари во оптек се намалија за 1,5%.

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити *(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

## Депозитен потенцијал[5]

Вкупните депозити на банките во октомври 2019 година регистрираа раст од 0,4% на месечно ниво. Секторската

[4]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[5] НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија и домаќинствата регистрираа раст од по 0,2%.

Од аспект на валутата, во октомври 2019 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се намалија за 0,1%, додека депозитите во странска валута регистрираа раст од 1,1%.

Вкупниот депозитен потенцијал во октомври 2019 година оствари раст од 9,6% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 11,5% и 6,8%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата бележат раст од 8,4% и 9,3%, соодветно.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 5,2%, а долгорочните депозити за 8,6%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 60,3%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (октомври 2019 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **395.957** | **0,4%** | **9,6%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *238.602* | *-0,1%* | *11,5%* |
| *Странска валута* | *157.355* | *1,1%* | *6,8%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *169.215* | *1,1%* | *5,2%* |
| *Долгорочни* | *110.178* | *0,7%* | *8,6%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **331.727** | **0,8%** | **6,0%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *193.915* | *0,6%* | *5,6%* |
| *Странска валута* | *137.813* | *1,2%* | *6,4%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *56.733* | *-1,3%* | *0,3%* |
| *Долгорочни* | *256.671* | *1,4%* | *7,9%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *15.713* | *-0,7%* | *0,9%* |

Извор: НБРСМ



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## Кредити на банките

Во октомври 2019 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,8% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека кредитите кон претпријатијата се зголемија за 0,6%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 1,1%. Од аспект на валутата, во октомври 2019 година, на месечно ниво денарските и девизните кредити се зголемија за 0,6% и 1,2%, соодветно.

На годишна основа, во октомври 2019 година вкупните кредити се зголемија за 6,0%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 9,7% и раст на кредитите кон претпријатијата од 2,4%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 5,6%, а кредитите во странска валута за 6,4%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 7,9%, а краткорочните кредити од 0,3%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во октомври 2019 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,04 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 5,05%. Каматните стапки на денарските и девизните кредити исто така се намалија за по 0,03 п.п. и изнесуваат 5,51% и 4,52%, соодветно.

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Вкупната каматна стапка на депозитите во октомври 2019 година изнесува 1,28% и е намалена за 0,08 п.п. во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити на месечно ниво е намалена за 0,11 п.п. и изнесува 1,73%, додека каматната стапка на девизните депозити се намали за 0,03 п.п. и изнесува 0,75%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во октомври 2019 година вкупниот промет на берзата регистрираше пад од 6,9% на месечно ниво како резултат на намалувањето на прометот од класичното тргување од 20,8%, додека прометот од блок-трансакциите остана непроменет.

Вкупниот промет на берзата во октомври 2019 година изнесуваше 681,3 милиони денари и истиот е намален за 4,7% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на октомври 2019 година изнесуваше 4.273,24 индексни

поени, при што на месечно ниво индексот е намален за 1,3%, а во однос на истиот месец претходната година е зголемен за 19,9%.

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на октомври 2019 година изнесуваа 3.267,2 милиона евра и во однос на претходниот месец се зголемија за 4,5%, а во однос на октомври 2018 година за 18,4%.